# Електролукс-**Elektroluks-Electrolux**

**www.electrolux.com.mk-www.elektroluks.com.mk**

## Социјална политика-Razvojna politika

Решавачки услов за успешна дејност на една сервисна индустриска компанија е ефективната социјална политика, одговорни партнерски односи со своите работници, државата и општеството. Следејќи го овој принцип раководството на Electrolux Macedonia посветува особено внимание на создавање и користење на иновациски социјални технологии. Electrolux Macedonia се стреми да создаде нови цивилизирани правила на заемните односи во сферата на социјалната политика и трудот и на тој начин да ја формира иднината базирана на заемна одговорност и развиток. Сервисната и призводната и продажната дејност е сконцентрирано во реформи и култури во стопанскиот живот на нашата држава каде призводите треба да се пратат од призвоството ,продазбата и гаранцијата на до сервисните услови во споредба со другите дразжави и континенти . Оттука произлегува и потребата за обезбедување на работниците со образован кадар и неопходната опрема и заштитни средства. Исто така на сите

# Електролукс-**Elektroluks-Electrolux**

**[www.electrolux.com.mk-www.elektroluks.com.mk](http://www.electrolux.com.mk-www.elektroluks.com.mk)**

вработени во Electrolux Macedonia им се исплаќа редовна плата,храанарина обезбеден е транспорт до работното место и обратно, како и плаќање на сите даноци за пензиско и здравствено осигурување. Со инвестицијат на фирмата и негово започнување со работа се зголемуваше и бројот на вработените од различни струки. Со тоа се грижи да подобри и материјалната положба на населението во Битола бидејќи најголемиот број од вработените во Elektrolux Macedonia се жители од овај град иако во фирмата работат и жителите од околните села кои се во близина на Elektrolux Macedonia . А исто така и има ученици за изучување на образование и занает . Па затоа социјалната политика во една компанија не е само убав збор. Зад зборовите стојат нашите досегашни успеси во оваа сфера како и нашите идни планови за развиток на социјалната инфраструктура, поддршка на културата, образованието и спортот. Особено место во социјалната дејност на компанијата зазема поддршката на младите стручњаци со цел да се

здобијат со стручни знаења кои ќе можат да најдат соодветна примена во иднина.

## Социолошките аспекти во работењето

Земајќи ја предвид целата економско-социјална положба во која се наоѓаат граѓаните на Република Македонија, како и историскиот развој на настаните по осамостојувањето и промените кои настанаа во транзициониот период, многу странски инвеститори пројавија интерес за развивање бизнис на територијата на Македонија. Исто така предмет на интерес станаа и многу предпријатија кои беа во сопственост на државата, а потоа беа опфатени со процесот на приватизација и денес се наоѓаат во приватна сопственост.

Уште во фазата на подготовка за отпочнување со производство, спонтано се почувствува и првата ревитализација на социјалните интеракции меѓу граѓаните воопшто, и тоа не само во градот Битола туку и во целиот регион. Во оваа смисла неминовно се појави и една друга улога на Фирмата , а тоа е

социјалната улога Тука не станува збор за нагласување на важноста само од економски аспект на регионално и национално ниво, туку и на социјалната позиција која ја стекнуваат вработените во **Електролукс** и промените низ кои треба да поминат. Станува збор за промена на еден цел систем од вредности и ставови.
Од тој аспект се јавува една нова ситуација која од една страна е континуитет на традицијата со ноти на новиот начин на живеење и пренесување на дел од културата на трансконтинентално ниво со спонтано поставување на нови социјални норми кои се взаемна креација на сите вработени во фирмата и со тенденција да се пренесе и пошироко. Настануваат промени во социјалната активност, во контактите меѓу вработените и воопшто промени во целокупното социјално однесување на сите граѓани од регионот. Друг момент на кој треба да му се посвети важност од социјален аспект се и промените кои настанаа со процесот на децентрализацијата.
Ова директно ќе влијае врз подобрување на економско-социјалната положба на жителите од регионот преку

# Електролукс-**Elektroluks-Electrolux**

**www.electrolux.com.mk-www.elektroluks.com.mk**

приливот на средства што ќе ги има општина Битола . Станува збор за финансиска инјекција која претставува добра можност за подобрување на животниот стандард на ниво на регион. Организацијата на фирмата во секој момент е подготвена за паралелно следење на сите светски стандарди од кој било домен, а со тоа и приближување на Европа и развиените земји до Битола и Македонија воопшто.

Osnovac

Palenzo Dimche

16/04/2008